# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 14 Мај 2012 година<br>Службен гласник број 6<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03. 2012 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Тримесечниот Извештај за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за периодот од 01.01. до 31.03. 2012 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1178/2
14.05.2012 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/2002 и 40/2003) член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 11.05.2012 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Тримесечниот Извештај за работењетона ЈКП "Комуналец" - Прилеп за период од 01.01. до 31.03.2012 година

1. Се дава согласност на Тримесечниот Извештај за работењето на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за период од 01.01. до 31.03.2012 година
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1172/3
11.05.2012 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП СО НАДОМЕСТОК СОПСТВЕНОСТНА ЕЛС - ОПШТИНА ПРИЛЕП ПО ИМОТЕН ЛИСТ БР. 33676 (ДЕЛ ОД ОБЈЕКТ НА УЛ."ЕГЕЈСКА" НА КП БР. 12788 И ТОА ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ ВО ПОВРШИНА ОД 43 М2 И ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ ВО ПОВРШИНА ОД 173 М2 ИЛИ ВКУПНО 216 М2 ВО ПРИЗЕМЈЕ НА ДОМ НА МЗ "СПИРО ЗАБРЧАНЕЦ" - ПРИЛЕП) ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА, КАКО И ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА ЗА 40 % ОД УТВРДЕНАТА ПОЧЕТНА ЦЕНА ОД ОБЈАВЕНИОТ ОГЛАС ЗА ПРВО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ЗАКАЖАНО НА ДЕН 10.02.2012 ГОДИНА**

1. Одлуката за определување недвижен имот за издавање под закуп со надоместок сопственост на ЕЛС - Општина Прилеп по имотен лист бр. 33676 (дел од објект на ул."Егејска" на КП бр. 12788 и тоа помошни простории во површина од 43 м2 и деловни простории во површина од 173 м2 или вкупно

216 м2 во приземје на Дом на МЗ "Спиро Забрчанец" - Прилеп) по пат на непосредна спогодба, како и за намалување на висината на закупнината за 40 % од утврдената почетна цена од објавениот оглас за прво јавно наддавање закажано на ден 10.02.2012 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1178/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.05.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 33 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп , давање и примање подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.14/2009), Советот на Општина Прилеп, на ден 11.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за определување недвижен имот за издавање под закуп со надоместок сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп по Имотен лист бр.33676 (дел од објект на ул."Егејска" на К.П.бр.12788 и тоа помошни простории во површина од 43м2 и деловни простории во површина од 173м2 или вкупно 216м2 во приземје на Дом на МЗ "Спиро Забрчанец"-Прилеп) , по пат на непосредна спогодба , како и за намалување на висината на закупнината за 40% од утврдената почетна цена од објавениот оглас за прво јавно надавање закажано на ден 10.02.2012

Член 1

Со оваа Одлука се определува недвижен имот за издавање под закуп со надоместок сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп по Имотен лист бр.33676 (дел од објект на ул."Егејска" на К.П.бр.12788 и тоа помошни простории во површина од 43м2 и деловни простории во површина од 173м2 или вкупно 216м2 во приземје на Дом на МЗ "Спиро Забрчанец"-Прилеп) , по пат на непосредна спогодба , како и за намалување на висината на закупнината за 40% од утврдената почетна цена од објавениот оглас за прво јавно надавање закажано на ден 10.02.2012.

Член 2

Како недвижен имот кој ќе се издава со надоместок , по пат на непосредна спогодба , се определува следниот недвижен имот заведен на :

1. - Имотен Лист бр.33676 издаден од Државен завод за геодетски работи на РМ - Одделение за премер и катастар-Прилеп , (дел од објект на ул."Егејска" на К.П.бр.12788 и тоа помошни простории во површина од 43м2 и деловни простории во површина од 173м2 или вкупно 216м2 во приземје на Дом на МЗ "Спиро Забрчанец"-Прилеп).

Недвижниот имот кој ќе се издава со надоместок заведен на :

1. - Имотен Лист бр.33676 издаден од Државен завод за геодетски работи на РМ - Одделение за премер и катастар-Прилеп , (дел од објект на ул."Егејска" на К.П.бр.12788 и тоа помошни простории во површина од 43м2 и деловни простории во површина од 173м2 или вкупно 216м2 во приземје на Дом на МЗ "Спиро Забрчанец"-Прилеп) , ќе се издава по пат на непосредна спогодба , за временски период од 5 (пет) години.

Член 3

Цена на надоместокот - закупнината за недвижниот имот кој ќе се издава , по пат на непосредна спогодба , (дел од објект на ул."Егејска" на К.П.бр.12788 и тоа помошни простории во површина од 43м2 и деловни простории во површина од 173м2 или вкупно 216м2 во приземје на Дом на МЗ "Спиро Забрчанец"-Прилеп) , изнесува 800,оо ЕВРА (висината на закупнина утврдена како почетна цена од објавениот оглас за прво јавно надавање закажано на ден 10.02.2012 ) , месечно намалена за 40% , односно **480,00** ЕВРА, пресметано во денарска противредност , според курсот на денарот према еврото утврден од страна на НБРМ на денот на уплатата на надоместокот.

Недвижниот имот од чл.2 , да се издаде под закуп по пат на непосредна спогодба , согласно на одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп , давање и примање подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.14/2009) .

Се задолжува Градоначалникот на Општина Прилеп , да формира Комисија која ќе спроведе постапка за издавање под закуп , по пат на непосредна спогодба , на недвижниот имот од чл.2 од оваа Одлука , согласно на одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп , давање и примање подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на ЕЛС-Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.14/2009) , како и согласно на оваа Одлука .

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 5

Одлуката да се достави до Градоначалникот на Општина Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1172/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.05.2012 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНВЕНЦИЈА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИ КАРНЕВАЛСКИ ГРАДОВИ**

1. Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Меѓународната конвенција на Федерацијата на Европски Карневалски градови, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1178/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.05.2012 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" 62/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 11.05. 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Меѓународната конвенција на Федерацијата на Европски Карневалски градови

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти во градот за време од 1 час подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност, за време на Меѓународната конвенција на Федерацијата на Европски Карневалски градови.

Член 2

Продолженото работно време се однесува само за деновите 27 мај (недела), 31.мај (четврток), 01.јуни (петок) и 02.јуни (сабота) 2012 година, кога се одржува Конвенцијата.

Член 3

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР-УВР Прилеп, организаторот, градоначалникот и архивата на општина Прилеп.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1172/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.05.2012 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЛОКАЛИТЕТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА "ФЕСТИВАЛ НА ПИВОТО - 2012"**

1. Одлуката за определување локалитет за организирање на "Фестивал на пивото - 2012", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1178/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.05.2012 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп("Сл.гласник на општина Прилеп"бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 11.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За определување на локалитет за организирање на "Фестивал на пивото - 2012"

Член 1

Манифестацијата “Фестивал на пивото 2012“ ќе се одржи во деновите од 12 до 15.07.2012 година, на локалитетот кој ги опфаќа следните граници:

- од север - Плоштад „Александрија“
- од исток - крстосница пред Градска кафеана (Булевар “Гоце Делчев“ со улица „Прилепски Бранители“)
- од југ- Плоштад „Методија Андонов – Ченто“
- од запад- крстосница на Булевар “Гоце Делчев“ со улица “Кузман Јосифоски“.

Површината предвидена за поставување на штандови изнесува 4827 $м^2$ - нето површина.

Член 2

Се забранува поставување на бини и штандови во парковските површини, кои гравитираат на определените граници.

Се забрануваат градежни зафати (трајни или монтажно-демонтажни) на летната сцена, пред споменикот на Александар Македонски.

За паркинг простор, за потребите на фестивалот, се одредува просторот од Булевар “Гоце Делчев“ со пресекот на улица “Кузман Јосифоски“ и улица “Димо Наредникот“ и делот од раскрсницата кај Градска кафеана до новата општинска зграда.

Член 3

Посебните локации за фестивалот, како и поставувањето на санитарни чворови, определени се со графички прилог - “Фестивал на пивото-2012“, изработен од ЈП за ПУП Прилеп, кој е составен дел на оваа одлука.

Член 4

Пред добивање на одобрение за начинот на користење на просторот, организаторот е должен да прибави согласност од: ЕВН Македонија АД Скопје - КЕЦ Прилеп, ЈКП “Водовод и канализација“ Прилеп, ЈКП “Комуналец“ Прилеп, МВР - Сектор за сообраќај, Територијална ПП единица - Прилеп и други служби кои ќе го опслужуваат фестивалот.

Член 5

Обезбедувањето и безбедноста на фестивалот е обврска на организаторот.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Прилеп“.

Број 07 - 1172/6
11.05.2012 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2012 ГОДИНА

1. Програмата за измени и дополнување на Програмата за донесување на Урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2012 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1178/6
14.05.2012 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.51/05,137/07 и 91/2009,124/10,18/11 и 53/11) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„бр.5/2002) и член 26 с.1 т.7 од Статутот на општина Прилеп („Сл.гласник на општина Прилеп„бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 11.05.2012 година, донесе:

## ПРОГРАМА
за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата наОпштина Прилеп за 2012година

Член 1

Во Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2012 година („Сл.гласник на општина Прилеп„ бр.1/2012 после глава „„Б„ се додава нова глава „В„ која гласи:

„В- ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- Локална урбанистичка планска документација за Изградба на стовариште за складирање на стока на оптворен и затворен простор на КП бр. 2288 и КП бр.2289, КО Варош, Општина Прилеп

- Локална урбанистичка планска документација за Изградба и сервиси за одржување на поправка на опрема и индустриски производи и комунална инфраструктура на КП бр.524, КО Варош, Општина Прилеп.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп„

Број 07 - 1172/7
11.05.2012 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 20, ДЕЛ ОД УБ 20.06 ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЧНА ПАРЦЕЛА НА КП БР. 19662/3 И КП БР. 19662/4 - ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување Детален Урбанистички план за УЕ 20, дел од УБ 20.06 за формирање на градежна парцела на КП бр. 19662/3 и КП бр. 19662/4 - Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1178/7
14.05.2012 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05, 137/2007, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), чл.22 ст.1, т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 11.05.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 20,дел од УБ 20.06, за формирање на градежна парцела на КП бр.19662/3 и КП бр. 19662/4 - Општина Прилеп**

Чл.1

Се донесува Детален урбанистички план за УЕ 20, дел од УБ 20.06, за формирање на градежна парцела на КП бр.19662/3 и КП бр.19662/4 - Општина Прилеп, плански период 2011-2016, (во понатамошниот текст: планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:

- Од југоисток се граничи со улица,,Савска,,
- Од југозапад се граничи со крак од ул,,Савска,,
- Од северозапад се граничи со КП 19662/1
- Од североисток се граничи со КП 19664/1

**Вака определениот плански опфат е со површина од 0,3 ха.**

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Програма за измена и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2011 година, донесена од Советот на Општината бр.07-1568/21 од 22.08.2011 година

-Планска програма за изработка на ДУП за УЕ 20, дел од УБ 20.06, за формирање на градежна парцела на КП бр.19662/3 и КП бр.19662/4, во Општина Прилеп

-Предлог ДУП за УЕ 20, дел од УБ 20.06, за формирање на градежна парцела на КП бр.19662/3 и КП бр.19662/4, во Општина Прилеп, изготвен од ..ПЕРКАН ПРОЕКТ.. ДООЕЛ-Прилеп, со тех.бр. од март 2012 год

-Извештај за извршена Стручна ревизија на Нацрт-планот изготвена од ЈП за просторни и урбанистички планови-Прилеп од октомври 2011 год. со тех.бр.81/11

-Извештај за постапување по забелешките од стручната ревизија на Нацрт-планот од изготвувачот на планот заведен под бр.07-241 од 18.10.2011 год.

-Решение за формирање на Комисија за давање мислење, формирана од градоначалникот на Општината, бр.08-35/1 од 08.01.2010 година

-Мислење од Комисија формирана од градоначалникот, бр. 09-278/6 од 16.12.2011 година

-Извештај за постапување по забелешките од стручното мислење по нацрт-планот од изготвувачот на планот заведен под бр. 07-321/1 од 19.12.2011 год.

-Одлука за утврдување на планот, донесена од Советот на Општината, бр.07-2549/46 од 28.12.2011 година

-Одлука за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт планот донесена од градоначалникот, бр.08-36/1 од 04.01.2012 година

-Соопштение за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт планот, бр.03-37/1 од 04.01.2012 година објавено во јавни гласила

-Записник од спроведена Јавна презентација и Јавна анкета, бр.09-278/9 од 16.01.2012 година

-Решение за формирање на Комисија за изготвување Извештај од јавна анкета, бр.08-1803/1 од 22.09.2011год.

-Извештај од спроведена Јавна презентација и Јавна анкета, бр.09-278/10 од 24.01.2012 година
-Известување за постапување по Извештајот од спроведена јавна презентација и Јавна анкета, бр.09-60/2 од 10.02.2012 година
-Мислење од Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп, бр.08-323/2 од 18.08.2011 година
-Мислење-Согласност од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение-Прилеп бр. 10-437/2 од 22.12.2011 год.
-Мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање бр.08-1260/2 од 07.02.2012 година
-Мислење од ЈКП ..Водовод и Канализација.. - Прилеп, бр.03-476/2 од 19.08.2011 година
-Мислење од ЕВН Македонија-КЕЦ Прилеп, бр.27-3763/3 од 27.12.2011 година
-Согласност на Предлог План од Министерството за транспорт и врски бр.16-6691/2 од 04.04.2012год.

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

А - текстуален дел
1. Вовед
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето за планскиот опфат
3. Историјат на планирањето за подрачјето на планскиот опфат
4. Податоци за природните чинители во рамките на планскиот опфат
5. Податоци за создадените вредности и чинители во рамките на планскиот опфат
6. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
7. Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини
8. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура
9. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби
10. Анализа на степен на реализација на постојниот план
11.Анализа на можностите за просторен развој
12.Извод од план од повисоко ниво

Б - нумерички дел -
1. Нумерички показатели на постојната состојба

В- графички дел -
1. Извод од ГУП на Општина Прилеп ---------------------------------------------------------- м = 1: 5000
2. Извод од ЛУПД за Административно деловен објект - собирен центар на КП 19662/3 и 19662/4, м.в.Тавоица, КО Прилеп, Општина Прилеп ---------------------- м = 1: 1000
3. Ажурирана геодетска подлога------------------------------------------------------------------- м = 1: 1000
4. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и изградената комунална инфраструктура---------------------------------------------------- м = 1: 1000
5. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби ---------------------- м = 1: 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

А- текстуален дел
1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Текстуални одредби од Изводот од план од повисоко ниво кои се однесуваат на планскиот опфат и претставуваат услови за планирање
3. Планска програма
4. Опис и образложение на планскиот концеп за просторниот развој во рамките на планскиот опфат
5. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура
- Намена на земјиштето и градбите
- Регулациони и градежни линии
- Површини за градба и висински план
- Процент на изграденост
- Коефициент на искористеност
- Сообраќај и нивелациски план
- Водовод и Канализација
- Електрика и ПТТ
- Заштита на животната средина
- Мерки за заштита и спасување
- Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвадилизирани лица
6. Економско образложение
7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

Б - нумерички дел -
1. Нумерички показатели на планираната состојба
2. Билансни показатели

В- графички дел -
1. Регулационен план ------------------------------------------------------------------------------ м =1: 1000
2. План на површини за градење ------------------------------------------------------------------ м =1: 1000
3. Сообраќаен план, нивелациски план и план на зеленило------------------------ м =1: 1000
4. Инфраструктурен план--------------------------------------------------------------------------- м =1: 1000
S Водовод
S Канализација
S Електрика
S ПТТ
5. Синтезен план на планските решенија------------------------------------------------------ м =1: 1000

Чл.3

Планот се заверува во 7 (седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив, еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Чл.4

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната презентација и јавната анкета, со образложение за прифатените и неприфатените забелешки, изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

Чл.5

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Чл.6

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

Чл.7

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Чл.8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1172/8 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.05.2012 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Проф. Д-р Гордана Мицеска

Взр основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување и категоризација на општински патишта во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1178/8 — ГРАДОНАЧАЛНИК
14.05.2012 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за Јавни Патишта ( сл.в.84/08, 52/09 ) член 26 став 1 точка 46 од статутот на Општина Прилеп (бр.6/2003, 4/2005,и 10/2008 ),Уредбата за утврдување на категоризација на јавните патишта(сл.в.13/10) член 10 и член 13 став 5 и Одлуката за категоризација на државни патишта бр. 51-4327/1 (сл.вес.135/11) и бр.51-4327/2 (сл.вес. 150/11), Советот на Општина Прилеп на Седницата одржана на ден 11.05.2012 година , донесе :

**О Д Л У К А**
ЗА УТВРДУВАЊЕ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИ
ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат и категоризираат општинските патишта во Општина Прилеп.

| Ред. Бр. | Општински пат (ознака) | Патен правец | Должина (км) |
|---|---|---|---|
| 1. | **Л6001955 01** | Врска со А3-Тополчани-Тројкрсти-Чепигово | 5,0 |
| 2. | **Л6001955 02** | Врска со А3-Ерековци-Канатларци-Подмол-Лопатица | 15,5 |
| 3. | **Л6001955 03** | Врска соЛ6001955 02 - Марул | 3,5 |
| 4. | **Л6001955 04** | Врска со Р2340-Клепач-Ерековци | 4,0 |
| 5. | **Л6001955 05** | Врска со Р1101- Веселчани-Загорани | 4,5 |
| 6. | **Л6001955 06** | Врска со Л6001955 05 - врска со Р2339 | 1,5 |
| 7. | **Л6001955 07** | Врска со Р1101-Алинци-Шелеверци | 4,0 |
| 8. | **Л6001955 08** | Врска со Р1101-Беровци-Галичани (врска со Р2339) | 2,5 |
| 9. | **Л6001955 09** | Кадино село (врска со Р2339)-Мало Коњари (врска со Р1306) | 4,0 |
| 10. | **Л6001955 10** | Врска со Р1306-Големо Коњари | 0,5 |
| 11. | **Л6001955 11** | Врска со Р1303-Мажучиште | 0,5 |
| 12. | **Л6001955 12** | Врска со Р1101-Мало Рувци | 3,5 |
| 13. | **Л6001955 13** | Врска со Р1107-Волково (врска со Л6001955 24) | 3,0 |
| 14. | **Л6001955 14** | Врска со Р1107-Чумово | 2,0 |
| 15. | **Л6001955 15** | Врска со Р1107-Штавица | 1,0 |
| 16. | **Л6001955 16** | Врска со Р1107-Бонче-Подмол (врска со Л6001955 02) | 8,0 |
| 17. | **Л6001955 17** | Врска со Р1107-Крушевица-Чаниште | 12,0 |
| 18. | **Л6001955 18** | Врска со Р1107- Кален-Кокре | 6,5 |
| 19. | **Л6001955 19** | Дуње (врска со Р29172)-Пештани | 4,0 |
| 20. | **Л6001955 20** | Дуње (врска со Р29172)-Вепрчани | 7,5 |
| 21. | **Л6001955 21** | Врска со Р1107- н.м.Манастир | 3,0 |
| 22. | **Л6001955 22** | Врска со Р2338-Полчиште | 3,5 |
| 23. | **Л6001955 23** | Витолиште (Врска со Р1107)-Живово-Врпско | 10,0 |
| 24. | **Л6001955 24** | Прилеп-Волково-Прилепец-ман.Св.Никола | 8,0 |
| 25. | **Л6001955 25** | Прилеп-Селце | 1,5 |
| 26. | **Л6001955 26** | Врска со Л6001955 25 - ман. Св.Димитрија | 2,5 |
| 27. | **Л6001955 27** | Прилеп-Шаторов камен | 2,0 |
| 28. | **Л6001955 28** | Врска со А1-Лениште- ман. Св. Петка | 3,0 |
| 29. | **Л6001955 29** | Врска со А1-Оревоец-Крстец | 7,0 |
| 30. | **Л6001955 30** | Врска со А1-Плетвар-врска со Р1312 | 7,0 |
| 31. | **Л6001955 31** | Прилеп-м.в.Маркова чешма-врска со Л6001955 30 | 5,0 |
| 32. | **Л6001955 32** | Врска со Р1312-м.в.Единак | 3,5 |
| 33. | **Л6001955 33** | Врска со Р1312-Нов Присад | 0,5 |
| 34. | **Л6001955 34** | Прилеп-Дабница | 4,0 |
| 35. | **Л6001955 35** | Прилеп- Маркови кули | 2,0 |
| 36. | **Л6001955 36** | Врска со Р1303-ман.Св.Богородица | 7,0 |
| 37. | **Л6001955 37** | Врска со А1-м.в.-Царев даб ( стар пат Прилеп-Скопје)-врска со А1 | 19,0 |
| 38. | **Л6001955 38** | Врска со Л6001955 37-Царевич-Смолани-Дрен-ман. Св.Илија | 6,5 |
| 39. | **Л6001955 39** | Врска со А1-Тројаци-врска со Л6001955 37 | 2,0 |
| 40. | **Л6001955 40** | Врска со А1-Големо Радобил | 4,5 |
| 41. | **Л6001955 41** | Врска со Л6001955 40 - Мало Радобил | 2,5 |
| 42. | **Л6001955 42** | Врска со А1-Ракле-Никодин | 8,0 |
| 43. | **Л6001955 43** | Врска со Л6001955 42 - ман. Св.Богородица | 0,5 |
| 44. | **Л6001955 44** | Врска со А1-Топлица | 3,0 |

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа одлукапрестанува да важи Одлуката за утврдување на локални патишта на подрачјето на Општина Прилеп (донесена од Советот на Општина Прилеп - бр. 07-852/3 од 18.05.2001 година).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1172/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.05.2012 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТОТ "БАЛКАНСКИ РУТИ НА ГРАДОВИ - ТВРДИНИ" СО АКРОНИМ "ВАРОШ - И"**

1. Одлуката за поддршка на проектот "Балкански рути на градови - тврдини" со акроним "Варош - и", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1178/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.05.2012 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 2, 3 и 5 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 14 став 2, 3 и 5 и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр. 6/2003, 4/2005, 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 11.05.2012 год. донесе:

**О Д Л У К А**
за поддршка на проектот „Балкански рути на градови-тврдини“ со акроним „Варош – и“

Член 1

Со оваа одлука се потврдува поддршката на проект „Балкански рути на градови-тврдини“ со акроним „Варош – и“ (на англиски јазик Balkan Castle Cities Routes, со акроним Varos-i) кој ќе биде аплициран од страна на Општина Прилеп во партнерство со Општина Воден, на вториот повик за доставување на проектни предлози од ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2007-2013, во Приоритетната оска 2 – Унапредување на животната средина и природните ресурси и културното наследство во програмската област, мерка 2.2 Промоција и заштита на природното и културното наследство на областа.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1172/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.05.2012 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Проф. Д-р Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТОТ "ЕКОТУРА ЛЕРИН - ПЕЛАГОНИЈА"**

1. Одлуката за поддршка на проектот "Екотура Лерин - Пелагонија", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1178/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
14.05.2012 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 2, 3 и 5 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 14 став 2, 3 и 5 и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр. 6/2003, 4/2005, 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 11.05.2012 год. донесе:

**О Д Л У К А**
за поддршка на проектот „Екотура Лерин - Пелагонија“

Член 1

Со оваа одлука се потврдува поддршката на проект „Екотура Лерин - Пелагонија“ (на англиски јазик Ecotour Florina - Pelagonia) кој ќе биде аплициран од страна на Општина Прилеп во партнерство со Општина Лерин, на вториот повик за доставување на проектни предлози од ИПА

Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2007-2013, во Приоритетната оска 1 – Унапредување на прекуграничниот економски развој, мерка 1.3 - Промоција на одржлив туризам.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

| | |
|---|---|
| Број 07 - 1172/11 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 11.05.2012 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Проф. Д-р Гордана Мицеска |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТОТ "ТРЕНИНГ ПРОГРАМИ И ПОДДРШКА НА МЕХАНИЗМИ ЗА ОХРАБРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНОТО ПРЕДПРИЕМНИШТВО" СО АКРОНИМ "ТРЕИНМЕНТ"**

1. Одлуката за поддршка на проектот "Тренинг програми и поддршка на механизми за охрабрување и унапредување на прекуграничното предприемништво"со акроним "ТреинМЕнт", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 1178/11 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 14.05.2012 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 22 став 3 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 14 став 3 и член 26 став 1 точка 46 одСтатутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр. 6/2003, 4/2005, 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 11.05.2012 год. донесе:

**О Д Л У К А**
За поддршка на проектот „Тренинг програми и поддршка на механизми за охрабрување и унапредување на прекуграничното претприемништво“ со акроним „ТреинМЕнт“

Член 1

Со оваа одлука се потврдува поддршката за учество на Општина Прилеп како партнер во проектот „Тренинг програми и поддршка на механизми за охрабрување и унапредување на прекуграничното претприемништво“ со акроним „ТреинМЕнт“ (на англиски јазик Training programmes and support mechanisms for the encouragement and enhancement of cross-border entrepreneurship, со акроним TrainMEnt) кој ќе биде аплициран од страна на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во партнерство со Технолошко едукативниот центар од Серес. Проектниот предлог ќе биде аплициран на вториот повик за доставување на проектни предлози од ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2007-2013, во Приоритетната оска 1 – Унапредување на прекуграничниот економски развој, мерка 1.2 Подобрување на човечки ресурси.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп

| | |
|---|---|
| Број 07 - 1172/12 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 11.05.2012 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Проф. Д-р Гордана Мицеска |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИС ТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЕ 1, УБ 1.04, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2011 - 2016 - ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален Урбанистички план за дел од УЕ 1, УБ 1.04, плански период 2011 - 2016 - Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 1178/12 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 14.05.2012 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05, 137/2007, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), чл.22 ст.1, т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 11.05.20ж12 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 1, УБ 1.04, плански период( 2011-2016)**
**- Општина Прилеп**

Чл.1

Се донесува Детален урбанистички план за дел од УЕ 1, УБ 1.04, планкси период (2011-2016), КО Прилеп - Општина Прилеп, плански период 2011-2016, (во понатамошниот текст: планот).

Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:

**Од североисточната страна** е дефинирана со осовината на собирната улицата С6- ,,Орде Чопела,, во должина од 591,3м` и С6- ,,Улица 10,, во должина од 341.3м`

**Од југоисточната страна** со осовината на новопланираната собирна улица С6 –” Улица 10”, во должина од 455,1м`

**Од југозападната страна** со осовината на новопланираната магистрална улица М2 – ул. ” Маршал Тито ” ( Македонски Брод пат Прилеп -711) во должина од 763.8м`.

**Од северозападната** страна со осовината на новопланираната магистрална улица С2. – ” Улица 9” во должина од 734.4м`

**Површината на планскиот опфат** за УБ - 1.04 , дел од УАЕ 1 изнесува 49,24ха.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Програма за урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2011 година

-Планска програма за опфатот бр. 03-309 од 2011 година.

-Предлог план изработен од ЈП за ПУП-Прилеп, со тех.бр.75/11од април 2012 година

-Стручна ревизија на планот изготвена од "УРБАН-ПРОЕКТ"ДООЕЛ - Прилеп од ноември 2011 година

-Одговор на Стручната ревизија од изготвувачот на планот од ноември 2011 год.

-Мислење на Нацрт-планот од општинска Комисија, бр. 03-2184/3 од 25.11.2011 година со Решение на Комисијата бр. 08-35/1 од 08.01.2010 година и Одговор од изработува;от на планот

-Одлука за утврдување на Нацрт планот, бр.07-2549/7 од 28.12.2011 година

-Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета на Нацрт планот , бр.08-34/1 од 04.01.2012 година

-Соопштение за јавна презентација и јавна анкета на Нацрт планот, бр.03-35/1 од 04.01.2012 година објавено во јавни гласила

-Записник од јавна презентација на Нацрт планот, бр.09-335/9 од 16.01.2012 година

-Извештај од јавна презентација и јавна анкета на Нацрт планот, бр.09-335/10 од 24.01.2012 година

-Известување за постапување по Извештајот од спроведена јавна презентација и Јавна анкета, бр.09-60/2 од 10.02.2012 година и Решение за формирање на Комисија, бр. 08-1803/1 од 22.09.2011

